# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3051.**

Врз основа на член 227, став (4) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/05, 25/07, 07/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 83/18) Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на 16.07.2018 година, донесе

## ТАРИФНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО ГИ НАПЛАТУВА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/10, 94/11, 174/11, 112/12 и 181/14), во членот 1 во табелата “Вид на услуги согласно Законот за хартии од вредност”, точките 24 и 25 се менуваат и гласат:

| | Вид на услуги согласно Законот за хартии од вредност | Висина на надоместок |
|---|---|---|
| 24 | Надоместок за надзор на берзите | 18% од приходите на берзите остварени согласно Тарифата за висината на надоместоците на берзите, но не помалку од 6.500.000 денари |
| 25 | Надоместок за надзор на депозитарите | 18% од приходите на депозитарите остварени согласно Тарифата за висината на надоместоците на депозитарите, но не помалку од 6.500.000 денари |

Член 2

Во членот 2, ставот 2 се менува и гласи:

“По исклучок на став (1) од овој член надоместоците за надзор на берзите и депозитарите од членот 1 од овој тарифник се утврдуваат месечно врз основа на податоци за приходите остварени согласно Тарифата за висината на надоместоците на берзите и согласно Тарифата за висината на надоместоците на депозитарите и се уплаќаат месечно најдоцна до 3-ти во тековниот месец за претходниот месец. Комисијата на квартална основа, со акт ќе ги усогласува износите на надоместоците за надзор на берзите и депозитарите од членот 1 на овој тарифник.”

Ставовите 3 и 4 се бришат.

Ставовите 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12, стануваат ставови 3, 4, 5,6, 7, 8, 9 и 10.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој тарифник престанува да важи Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за утврдување на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност бр.03-113/1 од 29.12.2017 година.

Член 4

Одредбите од членовите 1 и 2 на овој тарифник ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2019 година.

Член 5

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Број 01-505/1
16 јули 2018 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.